# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| **Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба** | **13 Декември 2012 година Скопје Бр.15 Год.VII** |

**www.opstinagpetrov.gov.mk** **kontakt@opstinagpetrov.gov.mk**

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


**Содржина:**


1. **Одлука за прогласување на почесен граѓанин на Општина Ѓорче Петров......................2**
2. **Одлука за реализација на Детален Урбанистички План за дел од УЗ "Мирче Ацев"-блок13 Општина Ѓорче Петров...............................................................................4**
3. **Нацрт-Одлука за утврдување на изменување и дополнување на Детален урбанистички план" УЗ Даме Груев УБ2-блок 13" Општина Ѓорче Петров – Скопје.......6**
4. **Нацрт-Одлука за утврдување на Детален урбанистички планза Дел од Западна индустриска зона – ВОЕН ОТПАД, Општина Ѓорче Петров-Скопје..............................12**
5. **Одлука за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт -Одлуката за утврдување за изменување и дополнување на Нацрт Детален урбанистички план за УЗ ДАМЕ ГРУЕВ УБ2 БЛОК 13 , Општина Ѓорче Петров – Скопје........................................17**
6. **Соопштение..........................................................................................................18**
7. **Одлука за организирање Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план Дел од Западна индустриска зона - ВОЕН ОТПАД, Општина Ѓорче Петров – Скопје.......................................................................19**
8. **Соопштение..........................................................................................................20**


**Декември 2012, Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за прогласување на почесен граѓанин на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за прогласување на почесен граѓанин на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетивтората Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 12.12.2012 година.

**Број 08-3980/1**
**од 12.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров, на 62-рата седница одржана на ден 12.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прогласување на почесен граѓанин на**
**Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го прогласува за почесен граѓанин на Општина Ѓорче Петров, Градоначалникот на Општина Кушадаси Есад Алтунѓун, во знак на долгогодишна успешна соработка меѓу Општината Ѓорче Петров-Република Македонија и Општина Кушадаси-Република Турција.

**Член 2**

Плакетата за почесен граѓанин од член 1 од оваа Одлука ќе ја додели Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-3853/3**
**Од 12.12.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за реализација на Детален урбанистички план за дел од УЗ "Мирче Ацев"-блок 13, Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за реализација на Детален урбанистички план за дел од УЗ "Мирче Ацев"-блок 13, Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетивтората Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 12.12.2012 година.

**Број 08-3980/2**
**од 12.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 4 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник на РМ” бр.55/04 и 158/11); член 135 став 1 алинеја 4 од Законот за градење (“Службен Весник на РМ” бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12 и 144/12) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општината Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 62-рата седница, одржана на ден 12.12.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за реализација на Детален Урбанистички План за дел од УЗ “Мирче Ацев“-блок 13 Општина Ѓорче Петров**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се одобрува реализација на Детален Урбанистички План за дел од УЗ ”Мирче Ацев” - блок 13, Општина Ѓорче Петров, донесен од страна на Советот на Општината со Одлука број 07-2703/4 од 14.09.2012 година.

**Ч л е н 2**

Реализацијата на Деталниот Урбанистички План за дел од УЗ ”Мирче Ацев”-блок 13, Општина Ѓорче Петров ќе се спроведува паралелно на повеќе урбанистички парцели, а заради изградба на предвидените градежни објекти во планот, што подразбира расчистување на градежното земјиште за предвидената намена и отстранување на времените објекти кои претставуваат физички товар на земјиштето.

**Ч л е н 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров “ .

**Број 07-3853/4**
**од 12.12.2012 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Нацрт-Одлука за утврдување на изменување и дополнување на Детален урбанистички план УЗ Даме Груев УБ2-блок 13 Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Нацрт-Одлуката за утврдување на изменување и дополнување на Детален урбанистички план УЗ Даме Груев УБ2-блок 13 Општина Ѓорче Петров-Скопје , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетивтората Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 12.12.2012 година.

**Број 08-3980/3**
**од 12.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# Н А Ц Р Т - О Д Л У К А
## за утврдување на изменување и дополнување на Детален урбанистички план
## УЗ Даме Груев УБ2-блок 13
## Општина Ѓорче Петров-Скопје

**Декември, 2012 година**

**Скопје**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина „Ѓорче Петров" („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија" број 51/05,137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 62-рата седница одржана на 12.12.2012 година, донесе:

**Н А Ц Р Т-О Д Л У К А**
**за утврдување на изменување и дополнување на**
**Детален урбанистички план" УЗ Даме Груев УБ2-блок 13"**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план "УЗ Даме Груев УБ2-блок 13", Општина Ѓорче Петров - Скопје, со плански период од 2012-2017 год.

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје"бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање,("Сл. весник на Р.Македонија" бр. 51/2005, 137/2007,91/09,124/10, 18/11 и 53/11), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија бр.63/12).

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се утврдува изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план е со површина од 1,30 ха, со следни граници на опфат:

- на северозапад:осовина на ул. "Лука Геров-3"
- на североисток: осовина на ул."Лука Геров"
- на југоисток: осовина на ул."Лука Геров-5"

**Ч л е н 3**

Деталниот урбанистички план "УЗ Даме Груев УБ2-блок 13", Општина Ѓорче Петров, Скопје, изработен е од АД ЗУАС-Скопје, со технички број 2462/12.

Деталниот урбанистички план содржи:

**ВОВЕД**

**I.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

**Вовед**

1. географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
2. Историјат на планирање
3. Природни чинители
4. Создадени вредности
5. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд и вкупна физичка супраструктура
6. Инвентаризација и снимка на постојни споменички целини
7. Инвентаризација и снимка на изградена комунална инфраструктура
8. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени објекти
9. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички план
10. Состојба на природните и со работа создадени вредности
11. Извод од план од повисоко ниво

**Нумерички показатели**

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. Извод од ГУП на град Скопје од 2002 год. ............................... 1:5000
2. Извод од ДУП за УЗ Даме Груев УБ2 .................................. 1:1000
3. Ажурирана геодетска подлога............................................. 1:1000
4. Документациона основа

4.1. Инвентаризација и снимка на градежен фонд ................... 1:1000
4.2. Инвентаризација на комунална инфраструктура.................. 1:1000
4.3. Инвентаризација на бесправни градби............................... 1:1000

## II.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Вид на планот
2. Географска и геодетска местоположба
3. Извод од план од повисоко ниво
4. Планска програма
5. Плански концепт
6. Плански решенија за градба
7. Економско образложение
8. Општи услови за изградба
9. Посебни услови за изградба
10. Сообраќајно решение
11. Нивелациски план
12. Хидротехничка инфраструктура
13. Електроенергетика
14. телефонска мрежа

**Нумерички дел**

Нумерички показатели

Билансни показатели

## Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. План на намена на земјиштето и градбите......... 1:1000
2. Сообраќаен план ....................................... 1:1000
3. Инфраструктурен план................ 1:1000
4. Синтезен план .............................. 1:1000

**Ч л е н 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Ч л е н 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Ч л е н 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Ч л е н 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 07 - 3853/5** — **П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
**Од 12.12.2012 год.** — **На Советот на Општина Ѓорче Петров**
**С к о п ј е** — **Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Нацрт-Одлука за утврдување на Детален урбанистички план за дел од Западна индустриска зона-ВОЕН ОТПАД, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за дел од Западна индустриска зона-ВОЕН ОТПАД, Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетивтората Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 12.12.2012 година.

**Број 08-3980/4**
**од 12.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# Н А Ц Р Т - О Д Л У К А
# за утврдување на Детален урбанистички план
# за Дел од Западна индустриска зона - ВОЕН ОТПАД
# Општина Ѓорче Петров-Скопје

**Декември, 2012 година**

**Скопје**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Скопје“ бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р. Македонија“ број 51/05,137/07,91/09,124/10,18/11, 53/11 и 144/12), Советот на Општина Ѓорче Петров на 62-рата седница одржана на 12.12.2012 година, донесе:

**Н А Ц Р Т - О Д Л У К А**
**за утврдување на Детален урбанистички план**
**за Дел од Западна индустриска зона – ВОЕН ОТПАД**
**Општина Ѓорче Петров-Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува Деталниот урбанистички план за Дел од Западна индустриска зона – ВОЕН ОТПАД, општина Ѓорче Петров-Скопје.

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје (“Службен гласник на Град Скопје”бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање,(“Сл. Весник на Република Македонија” бр. 51/2005, 137/2007,91/09,124/10 и 18/11), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен Весник на Р.Македонија бр.142/10).

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се утврдува **Деталниот урбанистички план за Дел од Западна индустриска зона – ВОЕН ОТПАД, Општина Ѓорче Петров-Скопје,** е со површина од **4,52 ха**.

Границата на планскиот опфат е дефинирана по осовините на улиците:

- југоисток: осовина на планирана улица;
- североисток: осовина на улица ″Лука Геров ″(по ГУП);
- запад и југозапад; осовина на железничка пруга.

**Ч л е н 3**

Деталниот урбанистички план за Просторот за кој се утврдува Деталниот урбанистички план за Дел од Западна индустриска зона – ВОЕН ОТПАД, Општина Ѓорче Петров-Скопје, е изработен од АД за урбанизам,архитектура и инженеринг “ЗУАС”,Скопје со технички број 2532/2012

**Деталниот урбанистички план за Дел од Западна индустриска зона – ВОЕН ОТПАД, Општина Ѓорче Петров-Скопје, содржи:**

**ВОВЕД**

**I.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1. Вовед
2. Географско и геодетско одредување на планскиот опфат
3. Историјат на планирањето и уредувањето на планскиот опфат
4. Податоци за природните чинители
5. Податоци за создадените вредности
6. Инвентаризација на изграден градежен фонд
7. Инвентаризација и снимање на постојни споменички целини и градби од културно историско значење
8. Инвентаризација и снимка на изградена комун. Инфраструктура
9. Инвентаризација и снимка на бесправни градби
10. Анализа на степен на реализација
11. Анализа на можностите за просторен развој
12. Извод од план од повисоко ниво-Извод од ГУП
13. Нумерички показатели
14. Поисни листи

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. Извод од ГУП на Град Скопје од 2002 год. .............. 1:5000
2. Ажурирана геодетска подлога............................................... 1:1000

3. Инвентаризација и снимка на бесправна градба................... 1:1000

4. Инвентаризација на градежен фонд....................................... 1:1000

5 . Инвентаризација на комунална инфраструктура................ 1:1000

**II.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

Вовед

1. Вид на план, назив на подрачјето на планскиот опфат

2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат

3. Извод од ГУП на Град Скопје

4. Планска Програма

5. Плански концепт

6. Опис и образложение на планските решенија за изградба на наменска употреба на градежно земјиште парцелирано за изградба

7. Опис и образложение на планските решенија за изградба на сообраќајна и комунална инфраструктура

8. Нумерички податоци

9. Економско образложение

10. Мерки за заштита

11. Општи и посебни услови за изградба

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. План на намена на земјиштето и градбите.............. 1:1000

1.1.Регулационен план

1.2.План на површини за градење

2. Сообраќаен и нивелациски план ....................... 1:1000

3. Инфраструктурен план

4. Синтезен план .................................................. 1:1000

**Ч л е н 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Ч л е н 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Ч л е н 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Ч л е н 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07 - 3853/6**
**Од 12.12.2012 год.**
**С к о п ј е**

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
**На Советот на Општина Ѓорче Петров**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр.51/95, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), пречистен текст, член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината “Ѓорче Петров”(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**О Д Л У К А**
**За организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт -Одлуката за утврдување за изменување и дополнување на Нацрт Детален урбанистички план за УЗ ДАМЕ ГРУЕВ УБ2 БЛОК 13 , Општина Ѓорче Петров – Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт Одлуката за утврдување **на Нацрт планот за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за УЗ ДАМЕ ГРУЕВ УБ2 БЛОК 13 , Општина Ѓорче Петров - Скопје,** утврден од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров на 12.12.2012год со одлука број 07-3853/5.

**Ч л е н 2**

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавните гласила **„Дневник‟** и **“Утрински весник”** и веб сајтот на Општината **www.opstinagpetrov.gov.mk.**

**Ч л е н 3**

Јавната анкета ќе трае **15 работни денови** од денот на објавувањето на Соопштението во јавните гласила од член 2 на оваа Одлука.

**Ч л е н 4**

Јавната презентација и Јавната анкета по Нацрт-Одлуката за утврдувањена на **Нацрт планот за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за УЗ ДАМЕ ГРУЕВ УБ2 БЛОК 13 , Општина Ѓорче Петров - Скопје,** ќе се спроведе со излагање на Нацрт - Планот во просториите на У.З.” Даме Груев” - Општина Ѓорче Петров .

**Ч л е н 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок ќе можат да ги дадат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Ч л е н 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” .

**Број 08-4006/1**
**од 13.12.2012 година**
**С к о п ј е**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината “Ѓорче Петров” (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров го дава следното

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат Граѓаните и правните лица од просторот опфатен со Нацрт Планот дека Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање

**Јавна презентација и Јавна анкета**

**По Нацрт за измена и дополнување на Детален урбанистички план за УЗ ДАМЕ ГРУЕВ УБ2 БЛОК 13 , Општина Ѓорче Петров - Скопје,** што ги опфаќа следните граници на плански опфат:

- на североисток: по осовина на улица: ″Лука Геров″
- на северозапад: по осовина на улица: ″Лука Геров -3″
- на југоисток: по осовина на улица: ″Лука Геров -5 ″

утврден од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров, со одлука број 07-3853/5 (“Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров” број 15/2012).

**Големината на планскиот опфат изнесува 1.30 ха.**

**Нацрт планот за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за УЗ ДАМЕ ГРУЕВ УБ2 БЛОК 13, Општина Ѓорче Петров - Скопје, е утврден со одлука на Советот, донесена на 12.12.2012год, со број 07-3853/5.**

**Нацрт-Планот** ќе биде изложен во просториите на УЗ “Даме Груев”, во период од **15 работни дена. Јавната анкета ќе трае од 17.12.2012 до 08.01.2013 -15 работни дена, сметано од објавата во “Утрински весник” и “Дневник”, секој работен ден од 08.00 -16.00ч.**

Нацрт-Планот ќе биде објавен и на веб сајтот на Општината www.opstinagpetrov.gov.mk

**Стручна расправа** за **Нацрт планот за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за УЗ ДАМЕ ГРУЕВ УБ2 БЛОК 13 , Општина Ѓорче Петров - Скопје, ќе се одржи** на **20.12.2012 во 15ч.** во просториите на Секторот за урбанизам при Општина Ѓорче Петров.

**Јавната презентација на планот ќе се одржи на 21.12.2012 (петок) во 11ч. во просториите на УЗ “Даме груев”.**

Анкетните листови за учество во јавната анкета ќе можат да се подигнат во УЗ “Даме Груев”.

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

**Број 08-4006/2**
**од 13.12.2012 година**
**С к о п ј е**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр.51/95, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), пречистен текст, член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров"(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**О Д Л У К А**
**За организирање Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план Дел од Западна индустриска зона - ВОЕН ОТПАД, Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт Одлуката за утврдување на **Детален урбанистички план Дел од Западна индустриска зона - ВОЕН ОТПАД, Општина Ѓорче Петров - Скопје,** утврден од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров со одлука број 07-3853/6 од 12.12.2012 година.

**Ч л е н 2**

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавните гласила **„Дневник''** и **"Утрински весник"** и веб сајтот на Општината **www.opstinagpetrov.gov.mk**

**Ч л е н 3**

Јавната анкета ќе трае **15 работни денови** од денот на објавувањето на Соопштението во јавните гласила од член 2 на оваа Одлука.

**Ч л е н 4**

Јавната презентација и Јавната анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на **Детален урбанистички план Дел од Западна индустриска зона - ВОЕН ОТПАД, Општина Ѓорче Петров - Скопје ,** ќе се спроведе со излагање на Нацрт - Планот во просториите на У.З." Даме Груев" - Општина Ѓорче Петров .

**Ч л е н 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок ќе можат да ги дадат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Ч л е н 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" .

**Број 08-4007/1**
**од 13.12.2012 година**
**С к о п ј е**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината “Ѓорче Петров” (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров го дава следното

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат Граѓаните и правните лица од просторот опфатен со Планот дека Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање

**Јавна презентација и Јавна анкета**

**По Нацртот на Детален урбанистички план Дел од Западна индустриска зона - ВОЕН ОТПАД, Општина Ѓорче Петров - Скопје,** што ги опфаќа следните граници на урбан опфат:

- на југоисток: по осовина на планирана улица;
- на североисток: по осовина на улица: ″Лука Геров;″
- на запад и југозапад: по осовина на железничка пруга Скопје - Р.Косово;

утврден од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров, со одлука број 07-3853/6 од 12.12.2012 година(“Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров” број 15/2012).

**Големината на планскиот опфат изнесува 4.52 ха.**

Нацртот за **Детален урбанистички план Дел од Западна индустриска зона - ВОЕН ОТПАД, Општина Ѓорче Петров - Скопје,** ќе биде изложен во просториите на УЗ “Даме Груев”, во период од **15 работни дена,** сметано од објавувањето.

**Јавната анкета Ќе трае од 17.12.2012 до 08.01.2013 -15 работни дена од објавата во “Утрински весник” и “Дневник” секој работен ден од 08.00 -16.00ч,** по објавување на соопштението во дневните весници “Дневник” и “Утрински весник”, како и на веб сајтот на Општината www.opstinagpetrov.gov.mk

**Стручна расправа** за **Детален урбанистички план Дел од Западна индустриска зона - ВОЕН ОТПАД, Општина Ѓорче Петров - Скопје, ќе се одржи** на **20.12.2012 во 14ч.** во просториите на Секторот за урбанизам при Општина Ѓорче Петров.

**Јавната презентација на планот ќе се одржи на 21.12.2012 (понеделник) во 10ч. во просториите на УЗ “Даме Груев”.**

Анкетните листови за учество во јавната анкета ќе можат да се подигнат во УЗ “Даме Груев”.

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот можат да доставаат писмени забелешки на анкетните листови.

**Број 08 -4007/2**
**од 13.12.2012 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник,**
**Сокол Митровски с.р.**